# ПРАВИЛНИК ЗА Е-КАПИТОЛИЈАДА

Официјални правила на Избор на најдобра еко маска

***"Е-Капитолијада 2023г."***

**ОРГАНИЗАТОР**

Член 1

Организатори на Избор на најдобра еко маска "Е-КАПИТОЛИЈАДА" се Капитол Мол и Нула Отпад ДОО Скопје со поддршка на Општина Аеродром, (во понатамошниот текст Организатори)

**ОФИЦИЈАЛНО ИМЕ И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ФОТО НАТПРЕВАРОТ**

Член 2

Официјалното име на Изборот на најдобра еко маска е "Е-Капитолијада". Предвидено е да започне на 15.03.2023 година со пријави за учество до 01.04.2023година до 16 часот.

**ТЕРИТОРИЈА**

Член 3

Изборот на најдобра еко маска се организира и се спроведува на територијата на Општина Аеродром.

**ЦЕЛ НА ИЗБОРОТ НА НАЈДОБРА ЕКО МАСКА**

Член 4

Изборот на најдобра еко маска се организира со цел потикнување на креативноста кај децата преку активности кои се за нив од исклучителна важност, како и подигнување на свеста за селекција и рециклирање на електричниот и електронскиот отпад и отпадните батерии и акумулатори.

**РЕКЛАМИРАЊЕ**

Член 5

Изборот на најдобра еко маска ќе се рекламира на разни маркетинг канали, првенствено преку социјалните мрежи во форма на дигитална кампања.

**ПРАВО НА УЧЕСТВО**

Член 6

Во Изборот на најдобра еко маска право на учество имаат сите деца од Општина Аеродром, вклучувајќи ги сите градинки и училишта ( основно образование 1-9 одделение).

Учеството е со изработка на индивидуална или групна еко маска.

Со учество во Изборот на најдобра еко маска, учесниците потврдуваат дека се целосно запознаени со одредбите на овој правилник и ја изразуваат својата согласност во поглед на истите.

**МЕХАНИЗАМ И УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО ВО ИЗБОРОТ НА НАЈДОБРА ЕКО МАСКА**

Е-Капитолијадата е предвидена да се реализира како дигитална кампања преку соц. медиуми- фејсбук фан страната на Капитол Мол каде направените маски во директни пораки ќе може да се пријават, како и ревијален дел со еко парада.

Учесниците во Изборот на најдобра еко маска ќе имаат за задача да изработат индивидуална или групна креативна маска во која ќе имаат вклучено најмалку 3 стари и неисправни електронски и електрични уреди и стари и потрошени батерии.

Фотографија од направената еко маска да се испрати во порака заедно со уредно пополнета и потпишана пријава од родител/старател (директна порака на фан страната на Капитол мол https://www.facebook.com/capitolmall, и пополнета пријава за учество.

Секој учесник е задолжително да ги заследи фан страните на организаторите (фејсбук + инстаграм) на Капитол Мол и Нула Отпад.

Организаторот и операторите не се одговорни за евентуални потешкотии на мобилните мрежи или за прекините во комуникација.

Во забрана за учество имаат лицата кои за времетраењето на изборот се вработени кај организаторот на натпреварот, Нарачателот и членовите на нивните потесни семејства.

Правилата на Изборот на најдобра еко маска , начинот и условите за учество, како и неговото времетраење, организаторите ќе ги објават на своите медиуми за комуникација.

**ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ДОБИТНИЦИТЕ ВО ИЗБОРОТ НА НАЈДОБРА ЕКО МАСКА**

Член 8

Категорија најдобра еко индивидуална маска од стручно жири, две награди. Најдобрите две индивидуални еко маски во изборот ќе бидат прогласени од страна на стручно жири чии членови ќе бидат објавени на социјалните мрежи непосредно пред прогласување на добитниците.

Категорија најлајкувана индивидуална фотографија, една награда – Фотографијата која ќе освои најмногу лајкови на социјалната мрежа на Капитол Мол (фејсбук) за време траењето на изборот. Важечки се гласовите од почетокот (објавата на фотографијата) до крајот на дигиталната кампања, заклучно со 03.04.2023г, 12 часот.

Категорија најдобра групна маска , една награда од стручно жири.

**ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ФОТО НАТПРЕВАРОТ**

Член 9

Добитниците на наградите ќе биде објавени на 04.04.2023 на социјалните мрежи на организаторите.

**ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ДОБИТНИЦИТЕ**

Член 10

Добитникот ќе добие порака во inbox на Фејсбук профилот со кој учествува во натпреварот.

Доколку учесникот не е достапен во дефинираниот рок за подигање на наградата (30 дена од објавата) од било која причина, за која Организаторите нема да бидат одговорни, тој/таа го губи правото на подарок.

Организаторите нема да имаат дополнителна одговорност кон учесникот.

**ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПОДАРОЦИТЕ**

Член 11

Подароците ќе бидат доделени на 05.04.2023 година на бината во Капитол Мол.

По истекот на рокот дефиниран од организаторите (30 дена од објавата на добитниците) организаторите немаат никаква одговорност околу подарокот.

Добитникот не може да го замени својот подарок за паричен износ еднаков на нивната вредност, ниту пак за кој било друг предмет.

## УСЛОВИ ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА ПОДАРОЦИТЕ

Член 12

Подарокот се подигнува на утврдената дата, лично во присуство на родител/старател.

Доколку добитникот од која било причина не е во можност да го подигне подарокот, може да назначи лице што ќе го стори тоа во негово име, со писмено известување на Организаторите.

Ако добитникот го откаже подигнувањето на подарокот од која било причина, должен е за тоа да го извести Организаторите.

По предавањето на подарокот, Организаторите немаат никаква одговорност кон добитникот на подарокот во однос на користењето на истата, освен одговорностите наведени во правилата.

Организаторите не се одговорни, доколку добитникот не е во можност да го подигне или користи подарокот.

Резултатите за прогласување на добитниците се конечни.

## ФОНД НА ПОДАРОЦИ

Член 13

Изборот на најдобра еко маска располага со следниот фонд на подароци:

| **Позиција на ранг листа** | **Подарок** |
|---|---|
| 1 ранг индивидуална маска од стручно жири | велосипед |
| 2 ранг индивидуална маска од стручно жири | Bluetooth слушалки |
| Најдобра групна маска од стручно жири | Пакет училишни материјали според возраста на наградените учесници |
| Најлајкувана индивидуална маска на фејсбук официјална фан страна на Капитол Мол | Bluetooth звучник |

Освен горе наведениот фонд на награди, доколку има голем број на квалитетни пријавени маски организаторот има право да одбере и обезбеди дополнителни награди најавени од соработниците на проектот.

Главната награда од стручно жири за индивидуална маска ја обезбедува партнерот на проектот Амбасада на Република Словенија, втората награда за индивидуална маска од стручно жири и наградата за најлајкувана маска ги обезбедува Нула Отпад, додека наградата за групна маска ја обезбедува Офис Плус.

Дополнителните награди доколку има успешен одзив на проектот ќе бидат дополнително одредени согласно можностите на соработниците на кампањата.
Замена за подароците со други подароци, со парична или друга против вредност не е дозволена. Организаторите не се обврзуваат да понудат друг тип на подарок во истата противвредност од планираните награди.

Учесниците во Изборот на најдобра еко маска немаат право да бараат награди во поголема вредност или од различен вид од назначените во правилата од страна на Организаторот.

**ВЕРИФИКАЦИЈА НА КВАЛИФИКУВАНОСТ И ПРАВО НА УЧЕСТВО**

Член 14

Подарокот ќе биде доделен само ако учесниците се квалификувани, имаат право на учество, и ако целосно ги почитуваат Правилникот на изборот.

**СОГЛАСНОСТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

**ОДОБРЕНИЕ ЗА ОБРАБОТКАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ**

Член 15

Со учество во Изборот на најдобра еко маска , учесникот се согласува да ги даде личните податоци на Организаторите, за користење при реализација на настанот за време на неговото одржување како и до моментот на доделување на наградите.

Организаторите имаат право да ги користат личните податоци на секој учесник за потребите на Изборот на најдобра еко маска. Организаторот не смее да ги користи податоците за било која друга намена, која не е во согласност со законот и ќе ги користи само за потребите на Изборот на најдобра еко маска .

Личните податоци на учесниците на Изборот на најдобра еко маска, ќе се користат само согласно Законот за заштита на лични податоци.

**ОДГОВОРНОСТ**

Член 16

Во случај на печатни грешки во рекламните материјали Организаторите нема да се сметаат за одговорни.

Со преземањето на подароците, престануваат понатамошните обврски на Организаторите на Изборот на најдобра еко маска спрема добитниците.

Организаторите немаат никаква одговорност која може да произлезе од користењето на производите, како и плаќање на штети или тужби кои на некаков начин се поврзани со користењето на подарокот.

Потенцијалниот учесник во овој Изборот на најдобра еко маска разбира и се согласува дека учествува во изборот по сопствена слободна волја.

Со самото учество во изборот учесникот се согласува, доколку биде добитник за некој од подароците, неговото име и презиме да биде јавно објавено.

Организаторите не одговараат во случај кога добиен подарок не може да биде даден или искористен поради невозможност потенцијалниот добитник или негов претставник да се јави и да го добие подарокот во определените рокови или поради други технички или правни пречки врзани со конкретниот добитник или негов претставник и поради околности предизвикани од виша сила, нормативни или законски ограничувања или други околности.

**ПРАВО НА ПРИГОВОР**

Член 17

Незадоволен учесник во изборот има право во рок од 3 дена од денот на објавувањето на добитниците на подароците, да поднесе приговор во писмена форма до Организаторите.

Организаторите можат писмено да одговорат на приговорот во рок од 8 дена од приемот на истиот.

Доколку не одговорат се смета дека приговорот не е прифатен.

**ОТКАЖУВАЊЕ НА ФОТО НАТПРЕВАРОТ**

Член 18

Изборот може да се прекине само во случај ако настапат околности за кои Организаторите на натпреварот не се одговорни, односно ако постојат околности кои Организаторите не можеле да ги спречат, отстранат или избегнат.

За евентуални измени во роковите и термините на одржување како и за евентуалното откажување, организаторите ќе објават писмено известување на своите веб страни и фан страни на кој што е објавен и изборот.

**ОТСТРАНУВАЊЕ НА ЕВЕНТУАЛНИ СПОРОВИ**

Член 19

Евентуално настанатите спорови помеѓу Организаторите и учесниците во изборот ќе ги решава надлежниот суд во Скопје во согласност со важечките закони во Република Северна Македонија.